Синдикат на работниците од угостителството, туризмот комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ

Trade Uunion of the Workers in Catering, Tourism, Comunal - Residental Economy, Handicraft and Associations for Disabled of Republic of Macedonia

**Ул. 12 Ударна бригада бр. 2а, 1000 Скопје, тел./факс 02/3239-857**
**E-mail: sutkoz@yahoo.com**

Бр. 0302-402
23.12.2006 год.
Скопје

До

Совет на ССМ

Предмет: Одговор на Ваше известување бр.0302-462/1 од 09.12.2016 година.

Почитувани,

Веќе Ви доставивме одговор и барање по Вашето известување бр.0302-58/1 ,кое се однесуваше околу намалувањето на уплатата на членарината од 08.02.2016 година,каде детално Ви ги образложивме ставовите на Претседателството,Извршниот и Надзорниот одбор на СУТКОЗ на РМ,кои произлегоа после една детална финансиска проверка од наша страна.

Од Ваша страна не добивме никаков одговор, иако стриктно баравме да проверите во сметководствената евиденција на ССМ од кога СУТКОЗ на РМ постапува по Меморандумот за финансирање на ССМ и зошто претходно,кога уплатата била поголема не е сигнализирано за тоа, како и да излезете со пресметка колку СУТКОЗ на РМ е во претплата во однос на членарината кон ССМ.Според нашата сметководствена евиденција СУТКОЗ на РМ има околу 2.500.000,00 денари или околу 40.000 повеќе уплатено членарина кон ССМ.

Ставот на Претседателството,Извршниот и Надзорниот одбор,како што е наведено во претходниот одговор е:

„Да се изврши порамнување во однос на побарувањата и обврските по однос членарина на гранскиот синдикат СУТКОЗ на РМ кон Сојузот на синдикати на Македонија.Да се утврди,усогласи и взаемно прифати износот на повеќе уплатена членарина во периодот 2012-2015 година, помеѓу двете засегнати страни и истиот износ или веднаш да се врати на сметката на СУТКОЗ на РМ или да се пребиваме меѓусебно додека истиот не се порамни„

Врз основа на горенаведеното,уште еднаш бараме да доставите сметководствена картица и да се изготви сметководствено срамнување, ова ваше известување биде поткрепено со детална документација ,бидејки имаме сознанија дека ниту еден од гранковите синдикати во состав на ССМ не ја почитува одлуката за финансирање на ССМ бр.0702-77/30 од 19.03.2012 година.

СУТКОЗ на РМ
Претседател
м-р Дарко Димовски